Со овој повик, Цивика мобилитас **го приоретизира здружувањето на силите на граѓанските организации** и **концентрирањето на нивните достигнувања во неколку области**/теми, за да постигнат промени таму, каде претходно работеле одделно. Избраните партнерски грантови придонесуваат за креирање политики и донесување одлуки што е придобивка од зајакнатото граѓанско општество и зголеменото граѓанско учество. Грантови се **наменети за поддршка на конкретни акции за унапредување на демократското владеење** или поконкретно за отчетноста, транспарентноста, ефикасноста и учеството во областите: децентрализација, родова еднаквост/социјална инклузија, антикорупција, климатски промени/животна средина, здравство, образование и млади.




Проектите ќе опфатат активности поврзани со зелената агенда, со инклузивниот развој, дигиталната трансформација на локално ниво, со здравствените права на ранливите категории граѓани и особено со жените и девојките, со борба против корупцијата итн.

Поддржаните акции ќе се спроведуваат **во сите осум региони**. Вкупно 15 организации ќе работат во Скопскиот, 11 во Пелагонискиот, три во Полошкиот по две во Југоисточниот и Југозападниот, а по една организација во Источниот Вардарскиот и Североисточниот регион.

На повикот што беше отворен до 30 август 2023 г. **пристигнаа 102 пријави на вкупно 351 граѓанска организација**. Од нив, 102 организации се пријавија како носители, а 249 како партнери. Сите ги исполнија административните критериуми и беа доставени до Комисијата за оценка пријавите.

**Женска граѓанска иницијатива АНТИКО**, Скопје во партнерство со Здружението за мултикултурна афирмација и едукација на жените во руралните средини СЕКОГАШ СОЖИВОТ, с.Канатларци, Прилеп и Здружение за образование и култура АДРИОН с.Требош, Желино ќе го спроведуваат проектот „**Гласот и учеството на жените и младите во: Креирање јавни политики и овозможувачка средина за граѓанско учество**“.

**Здружение на граѓани ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ** Гевгелија во партнерство со Здружение за еко животна средина-зелен раст и одржлив развој, ЕКО-ЗЕЛЕНО ДВИЖЕЊЕ, Берово; Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА- Битола; Здружение за екологија и туризам ЕКОТУРИЗАМ – 2016 Охрид; Здружение на млади КРЕАКТИВ Скопје; Фондација за локален развој и развој на ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ Гевгелија; Здружение НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР Куманово; Здружение Еколошко друштво ЕКО ЕКШН ECO ACTION Тетово ќе го спроведуваат проектот „**Регионално партнерство за подобро спроведување на Зелена агенда за Западен Балкан на локално ниво**“.

**Здружение Форум за разумни политики**, Скопје во партнерство со Институт за општествени и хуманистички науки Скопје и Здружение-Балкански институт за регионална соработка БИРС Тетово ќе го спроведуваат проектот „**Застапување за инклузивен развој**“.

**Фондација за интернет и општество Метаморфозис**, Скопје во партнерство со Здружение Центар за социјални иновации БЛИНК 42-21 Скопје и Рурална Коалиција Кичево ќе го спроведуваат проектот „
**(ДИГИЛОК) дигитална трансформација на локално ниво – вклучена заедница за отпорност на корупција**
“.

**Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО ЛОКАЛ**, Битола во партнерство со Здружение на млади ЕМПАУРИНГ, Крушево; Здружение на млади УРБАНО ГНЕЗДО, Кривогаштани; Здружение-Центар за млади ПЕЛАГОНЦИ ЕТНОС с.Дебреште, Долнени; Здружение за напредно современо образование ВОЛВОКС-Битола; Здружение за европска интеграција ЕВРОПСКА ГЛЕДНА ТОЧКА Горно Оризари Битола; Здружение МЛАДИНСКИ СОВЕТ Прилеп; Здружение за заштита на животната средина ЕКО ГЕРИЛА ПРЕСПА Ресен и Здружение на граѓани за афирмација на културата и развој на рурален туризам ГРАЃАНСКА АКТИВА ИКАРУС Демир Хисар ќе го спроведуваат проектот „
**Младински политики по мерка на младите**
“.

**Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации** ЦГК, Скопје во партнерство со Здружение Центар на активни граѓани АКТИВО Велес и Здружение на даночни советници на Република Македонија ЗДСРМ Скопје ќе го спроведуваат проектот „
**Користење на податоците за вистинските сопственици за намалување на корупцијата**
“.

**Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА**, Скопје во партнерство со Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ -ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје; Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените Скопје и Здружение ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ ОД ШУТО ОРИЗАРИ Скопје ќе го спроведуваат проектот „
**Унапредени здравствени права на девојките, жените и ранливите групи**
“.

**Центар за младински активизам ЦМА-КРИК,** Скопје во партнерство со Здружение Центар за социјални иницијативи НАДЕЖ-Скопје и Здружение на СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА Скопје ќе го спроведуваат проектот „
**ЗЗЗ- заеднички за зелено застапување за заштита на животна средина**

“.